**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 11-443/5***
***Скопје, 07.07.2005 година***

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА**
**ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА „ КИСЕЛА ВОДА„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2004 година, кои се прикажани на страните од 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Кисела Вода за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Љупчо Димов, Градоначалник на Општина Кисела Вода, од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03. до 14.03.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Лилјана Стојанова - Помошник на ГДР, и овластен државен равизор;
   - Катица Николовска - Ревизор;
   - Билјана Сурлевска - Ревизор;
   - Стојан Николовски - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во

согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10.Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**
10.1.1. Советот на Општина Кисела Вода не ги усвоил:

- Посебно изработениот буџетски документ (Ребаланс) на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2004 година и не е извршено ребалансирање на Буџетот за 2004 година;
- Годишната сметка на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2004 година, и донел Заклучок за неусвојување на годишната сметка на Буџетот, и
- Извештајот за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2004 година.

Не усвојувањето на овие документи според надлежните лица се должи на сознанијата за неправилностите напарвени при наплатата на придонесот за уредување на градежно земјиште од страна на Советникот за финансии на Градоначалникот.

**Препорака:**
Донесениот буџетски документ претставува законска рамка кон која ќе се придржува градоначалникот, и за своите активности редовно да го известува Советот како не би се довел во ситуација да не му биде усвоен ребаланс на буџетот или годишната сметка на буџетот, поради недоверба во неговото работење од страна на советниците.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**
10.2.1. Не е извршен целосен попис на средствата и изворите на средства со состојба на 31.12.2004 година, како и не е извршено усогласување на нивната вредност искажана во сметководството со фактичката состојба, согласно одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, кое се должи на немање на соодветна евиденција и нестручноста на членовите на комисијата според кажувањата на Преседателот на пописната комисија.

**Препорака:**
Да се преземат мерки и активности Комисијата за попис да врши попис на средствата и изворите во согласност со законските акти, со што ќе се обезбеди усогласување на состојбата на средствата и нивните извори, а со тоа и реални финансиски извештаи.

**10.3. Неправилности во искажување на расходите/приходите**

10.3.1. Буџетот нема превземено активности за евидентирање на побарувањата на име надомест за комунално уредување од граѓани и од правни лица и евидентирање на обезбедувањата по основ барирани чекови, банкарски гаранции и граѓански чекови за наплата на наведените побарувања.
Надоместокот се плаќа во повеќе рати, со кое единицата на локалната самоуправа нема увид во степенот на наплатата на наведениот надоместок. За наплатата на рати не ни беше презентирана Одлука од Советот на ЕЛС Кисела Вода.

10.3.2. Ревизијата се оградува од реалноста на наплатените приходи по основ на комунален придонес во износ од 162.932 илјади денари од следните причини:
- непостои евиденција за побарувањата по овој основ;
- документацијата не е средена како и нема соодветна евиденција за истата;
- наплатата е вршена на рати без да се има евиденција за доспеаноста на ратите;
- кај договори за надомест за комуналии на износ од 14.191 илјади денари иако во договорот е евидентирана дата на која е платен надоместот при увид во банковите изводи не се утврдени наплати на тие дати по тие договори;
- наплатата на комуналниот надомест најчесто е по пат на цесии, компензации или асигнации без да постојат посебни договори помеѓу правните лица и физичките лица за преземање на долгот;
- инструментите за обезбедување на побарувањата не се евидентираат ниту пак се следи наплатата и не се активираат истите иако ратите не се плаќаат на време, и
- не се испоставуваат фактури за побарувањата.

10.3.3. И покрај укажувањето од одговорното лице дека е вршена наплата на надомест за комунално уредување од граѓани и физички лица во готово со каса прими од лице кое истовремено и го водело сметководството на органот и кое извршило неправилности во наплатата, на ревизијата не и беа доставени на увид документи за наплата на надомест за комунално уредување во готово спротивно на член 24 став 4 од Законот за државната ревизија.
**Препорака:**
- Единицата на локалната самоуправа Кисела Вода да воведе аналитичка евиденција на побарувањата по основ на надомест за комунално уредување. За побарувањата кои се плаќаат на рати да се води евиденција и да се преземат мерки на присилна наплата за неплатениот надомест во определен рок.
- За наплатата на надомест на рати да биде донесена Одлука од Советот на општина Кисела Вода во кои случаи и кога ќе се дава плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати која Одлука ќе биде во согласност со постојните законски прописи.
- Да не се применуваат формите на плаќање по пат на компензации, асигнации или цесии кое дава можности за злоупотреби и манипулации.
- Да се издаваат фактури за побарувањата по основ на комунален придонес за уредување на градежно земјиште.
- Да не се врши наплата на надоместот за комунално уредување во готово преку благајна, наплатата да биде исклучиво преку жиро сметка.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

10.3.4. Средствата од сметката на Органот кои на 31 декември 2004 година изнесуваат 201 илјади денари, не се пренесени на сметката на Буџетот, поради што е извршено потценување на ставката Вишок на приходи за пренос во наредна година за износ од 201 илјади денари односно за овој износ се потценети приходите кај Буџетот.

**Препорака:**

Единицата на локална самоуправа Кисела Вода да ги почитува одредбите од Законот за буџетите поточно член 36 од истиот Закон.

10.3.5. Ставката Други оперативни расходи е преценета за износ од 1,068 илјади денари а за истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи, за исплатените средства на машинобраварска работилница Чардак по основ на судско решение , за која исплата во единицата на локална самоуправа Кисела Вода непостои никаква документација.

**Препорака:**

Да се преземат мерки единицата на локална самоуправа Кисела Вода во своето сметководство да обезбеди податоци за состојбата и движењето на обврските по добавувачи како и за судските постапки кои се во тек или се завршени.

10.3.6. Од сметката на буџетот директно се исплатени средства во износ од 1,166 илјади денари и тоа:

- 35 илјади за надомест за хранарина за месец август за вработените;
- 63 илјади денари за доспеани фактури до Електроелемент;
- 1.068 илјади денари по основ на судско решение ПС 588 02 за машинобраварска работилница Чардак, за кое решение единицата на локалната самоуправа Кисела Вода нерасполага со потребна документација.

Овие средства не се трансферирани преку сметката за редовно работење на единицата за локална самоуправа – Кисела Вода кое е спротивно на членот 4-з од Законот за буџетите.

**Препорака:**

Да се почитуваат одредбите од Законот за буџетите и да не се вршат директни исплати од буџетот на единицата на локална самоуправа но исплатите да се вршат преку сметката на органот.

10.3.7. Од ставката Стоки и услуги дотирани се 13.150 илјади денари по основ на исплата за пренесени обврски од минати години, кои обврски не се евидентирани во сметководството на Органот, а кои потекнуваат од 2000, 2001, 2002 и 2003 година.

**Препорака:**

Воведување на соодветна аналитичка евиденција на обврските, а неплатените обврски во тековната година треба да се содржат во планскиот документ- буџетот за наредната година.

10.3.8. Помеѓу Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија, Имако Скопје и Македонија пат а за сметка на единицата за локална самоуправа Кисела Вода се спроведени цесии во износ од 7.100 илјади денари. Овие трансакции не се спроведени преку сметката на единицата на локална самоуправа, ниту се евидентирани во сметководствената евиденција на Буџетот на единицата за локална самоуправа Кисела Вода, поради што се потценети приходите и расходите за наведениот износ.

**Препорака:**

При извршување на плаќања по пат на цесии, истите треба да се спроведуваат преку сметката на единицата за локална самоуправа прку носителот на платен промет како не би се нарушил буџетскиот принцип на евидентирање во сметководството.

10.3.9. Во месец декември извршено е сторнирање и прекнижување на износи од ставки на ставки со писмена наредба на градоначалникот со што е извршено

потценување на ставката Изградба, реновирање и унапредување за износ од 18.308 илјади денари, а е извршено преценување на ставките Други оперативни расходи за износ од 5.486 илјади денари, ставката Основно и специјално одржување за износ од 11.891 илјада денари и ставката Комунални услуги за износ од 931 илјада денари.

**Препорака:**

Трансферирањето на средствата од Буџетот да се врши согласно планираните средства во Буџетскиот документ и истите соодветно да се евидентираат.

**10.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.4.1. Позицијата природни богатства и други капитални вложувања е преценета за износ од 2,988,038 илјади денари за истиот износ е преценета и позицијата Извори на капитални средства од причина што во евиденцијата на единицата на локална самоуправа Кисела Вода е евидентирано земјиште и шуми, за кое немаше аналитичка евиденција по катастарски општини и класи како и за кое не ни беше доставен имот лист.

**Препорака:**

Единицата на локалната самоуправа Кисела Вода да преземе мерки за обезбедување на имотни листи за земјиштето со кое располага да се изврши соодветно евидентирање на земјиштето и шумите во книговодствената евиденција во зависност од имотните листи и соодветните класи.

11.Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е преценување на расходите за износ од 1.068 илјади денари и потценување на приходите за 201 илјади денари односно потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 1.269 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од за 2.988.038 илјади денари.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.4., финансиските извештаи на Буџетот не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на единицата на локална самоуправа Кисела Вода под 31 декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.1. до 10.4., кај единицата на локална самоуправа Кисела Вода не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Кисела Вода за 2001 година ревизијата утврди дека за наодите изнесени во точките 10.1. до 10.9. од страна на субјектот не се преземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

15. Во врска со неправилностите при наплатата на приходите по основ на надомест за комунално урдување информирани сме од одговорното лице во Општината дека се преземени мерки од надлежните органи за расветлување на овој случај и во зависност од конечноста на овој случај ќе се утврдат направените штети на буџетот на единицата за локална самоупрва Кисела Вода.

**Скопје, 29.06.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КИСЕЛА ВОДА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 208,995 | 198,170 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 1,095 | 896 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 37,744 | 41,696 |
| **Вкупно приходи** | | **247,834** | **240,762** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1 | 13,408 | 12,826 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2 | 54,290 | 38,638 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 1,585 | 1,055 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **69,283** | **52,519** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1 | 166,226 | 170,587 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **166,226** | **170,587** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **235,509** | **223,106** |
| | | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **12,325** | **17,656** |
| | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **12,325** | **17,656** |
| | | | |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | **0** | **0** |
| Дел од нето вишокот на приходите-добивката за повраќај на буџетот односно фондот | | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | | |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **0** | **0** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КИСЕЛА ВОДА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 12,326 | 15,953 |
| **Вкупно тековни средства** | | **12,326** | **15,953** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 2,988,038 | 5,077,892 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2,988,038** | **5,077,892** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **3,000,364** | **5,093,845** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.1. | 12,326 | 15,953 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **12,326** | **15,953** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 2,988,038 | 5,077,892 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2,988,038** | **5,077,892** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **3,000,364** | **5,093,845** |

**ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КИСЕЛА ВОДА**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| | |
| **Состојба 01.01.2004 година** | **5,093,845** |
| **Намалување по основ на:** | **2,105,807** |
| Ревалоризација на природни богатства | 2,105,807 |
| | |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **2,988,038** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 11-443/14***
***Скопје, 12.08.2005 година***

Согласно член 27 став 5 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„, број 73/2004) , е добиен Приговор број 08-1366 од 14.07.2005 година, по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Општина Кисела Вода, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното :

## Р Е Ш Е Н И Е

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Општина Кисела Вода не се прифаќа и наодите во Конечниот извештај остануваат.

2. Решението по доставениот Приговорот на Конечниот извештај всушност претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Општина Кисела Вода поднесен е приговор број 08-1366 од 14.07.2005 година. Приговорот не се прифаќа од причина што Главниот државен ревизор не најде елементи за прифаќање на истиот.
Приговорот нема елементи на приговор, бидејќи во истиот не се наведени конкретни точки од наодите по кои субјектот е незадоволен и може да приговара. Приговорот всушност претставува коментар и мислење за одредени појави карактеристични за работењето во општина Кисела Вода за периодот предмет на ревизија.

**Главен државен ревизор**
**Методија Тошевски**